Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 март 2023 година

Скопје, март 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 март 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 15:50 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 2**

**1.** Владата по Предлогот на закон за изменување на Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Македонија, по скратена постапка, утврден на Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 април 2022 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определи м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

**2.** Владата по Предлогот на закон за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, по скратена постапка, утврден на Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2022 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определи м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

**3.** Владата по Предлогот на закон за изменување на Законот за платите на судиите, по скратена постапка, утврден на Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 април 2022 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определи м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

**4.** Владата по Предлогот на закон за изменување на Законот за платите на јавните обвинители, по скратена постапка, утврден на 48-та седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2022 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ги определи м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:55 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**